Предлог

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24), член 17–ѓ став 5 и 26-а од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21), а по предлог на градоначалникот,

Советот на Општина Велес на 7- та седница одржана на ден _.01.2026 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за престанок на мандат на вршители на должност за членови на надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес**

1. Со ова Решение се констатира престанок на мандат на вршители на должност за членови на надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес:

    - Милка Петровски и
    - Тања Василков.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Образложение:**

Согласно член 17–ѓ став 5 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25): „Доколку основачот на јавното претпријатие ги разреши сите членови на управниот одбор, до именување на нови членови може да назначи вршители на должност за членови на управниот одбор кои ги исполнуваат законските услови за членови, со мандат од најмногу шест месеци, без можност за продолжување” и и 26-а: „Во постапката за именување и разрешување на членови во надзорниот одбор во јавното претпријатие се применуваат одредбите на членовите 17-а, 17-б, 17-в, 17-г, 17-д и 17-ѓ од овој закон кои се однесуваат на постапката за именување и разрешување на членови на управен одбор“.

Советот на Општина Велес на 66-та седница одржана на ден 21.07.2025 година донесе Решение за назначување вршители на должност за членови на надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес со арх.бр. 25-3725/41 од 21.07.2025 година со кое се назначуваат: Милка Петровски и Тања Василков.

Поради истек на 6 (шест) месечниот мандат на именуваните вршители на должност за членови на надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес, се предлага ова Решение до Советот на Општина Велес.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 202/24), член 17–ѓ став 5 и 26-а од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 89/22, 274/22 и 208/24) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21), а по предлог на градоначалникот,

Советот на Општина Велес на 66-та седница одржана на ден 21.07.2025 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за назначување вршители на должност за членови на надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Парк –Спорт и Паркинзи" Велес**

1. Со ова Решение се назначуваат двајца вршители на должност за членови на Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Парк - Спорт и Паркинзи" Велес:

   - Милка Петровски и Тања Василков.

2. Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 25-3725/41
21.07.2025 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски

Доставено до:
- Градоначалник;
- ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи" Велес и
- Списи и архива.